# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ПИЈАНО НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402 - 61/3 од 13.4.2016 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 13.4.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област пијано на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Милица Шкариќ, редовен професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област видови на инструменти - пијано, претседател;
- проф. д-р Емилија Потевска, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област видови на инструменти – пијано, член;
- проф. м-р Ангеле Михајловски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област видови на инструменти - пијано – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 6.4.2016 година и во предвидениот рок се пријави: м-р Елена Мисиркова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Мисиркова** е интернационално реномирана македонска пијанистка, која е родена во Скопје. Средното музичко образование по пијано го завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје. Дипломира и завршува постдипломски студии по пијано на Државната музичка академија „Гнесини“ во Москва, Русија. Од 1989 до 1994 година специјализира на Виенскиот конзерваториум во Виена кај професорот Леонид Брумберг (види табела НИ, точки 11 и 22).

За време на студиите е носител на стипендија за талентирани млади уметници на Р. Македонија/Федерална влада на Југославија, стипендија за постдипломци на Р. Македонија, стипендија на Министерството за образование на СССР и стипендија на СССР за постдипломски студии по препорака на Дипломската комисија.

Од 1987 до 1989 година, Мисиркова е професор по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“. Од 1997 до 2002 година, работи како асистент по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Од 1992 до 1994 година, таа е професор по пијано во Виенска приватна школа.

Носител е на награда за исклучителни уметници на Фондацијата „Хуго Брајтнер“, две први награди на републичките натпревари на пијанисти во Скопје и трета награда на Сојузниот натпревар во Белград, Југославија (види табела НИ, точка 21).

Мисиркова е еден од организаторите на Денови на македонската култура во Австрија во 2001, 2010 и 2014 година, како и на изложбата на австрискиот југендстил-мозаичар и автор Леополд Форстнер во Охрид и во Скопје (види табела НИ, точка 19). Таа е музички советник при МОБ од 1999 до 2001 година. Во 1989 година е пијано асистент на виолинската мајсторска школа на проф. Е. Чугаева, а во 2000 година е асистент на семинарот за чембало на проф. М. Хамбицер во Келн, Германија.

Од 2002 година до денес таа има статус на слободен уметник во Р. Македонија и во Австрија. Во 2007 година ѝ е доделена почесна титула амбасадор на култура на РМ во Австрија од премиерот Н. Груевски (види табела САОР, точка 19).

Мисиркова учествувала со три стручни пленарни предавања на Струшка музичка есен и тоа во 1997 година со „Принципите на руската пијанистичка школа и нејзините влијанија на новите развојни тенденции на македонската пијанистичка школа", во 1998 година со „Осврт на клавирската литература од првата половина на 20 век" и во 1999 година со „Интерпретација на делата за пијано на Властимир Николовски" (види табела САОР, точка 7). Нејзиниот труд „Пијанистичката техника во делата на Властимир Николовски" е објавен во списанието *Музика* во 1999 година (види табела САОР, точка 5).

М-р Елена Мисиркова одржала голем број концерти во земјава и во странство, од кои со одлични критики се издвојуваат следниве:

- март 2016 година, Скопје: Целовечерен концерт на Франкофонија со дела од Сати, Пирхнер и Николовски (види табела НИ, точка 6);
- октомври 2014 година, Скопје: Настап на свечен концерт по повод јубилеј на Здружение МАКЕДОН во МНТ (види табела НИ, точка 8);
- јули 2014 година, Охрид: Матине концерт на фестивалот Охридско лето (види табела НИ, точка 6);
- април 2014 година, Скопје: Концерт со Македонската филхармонија како солист со концертот за пијано на Г. Коларовски (види табела НИ, точка 6);
- јуни 2013 година, Скопје: Клавирски салон концерт во МОБ (види табела НИ, точка 6);
- мај 2011 година, Виена, Австрија: Целовечерен концерт со гудачкиот оркестар на Словенечката филхармонија (види табела НИ, точка 6);
- 2011 година, Минхен, Германија: Концертен настап на доделување на награди на „Е-кар-тек", Баварска влада (види табела НИ, точка 8);
- октомври 2010 година, Минхен, Германија: Клавирски концерт „Галилео" Кралска резиденција (види табела НИ, точка 8);
- октомври 2010 година, Виена, Австрија: Целовечерен концерт во Соборна методистичка црква (види табела НИ, точка 6);
- септември 2010 година, Скопје: Целовечерен рецитал во Дом на АРМ - покровител ЕВН (види табела НИ, точка 6);
- јули 2010 година, Скопје: Камерен концерт за пијано и гудачи „Кончертино" на Г. Коларовски, Камерен оркестар на МОБ, Скопско лето (види табела НИ, точка 6);
- мај 2010 година, Виена: Камерен концерт за пијано и гудачи „Кончертино" на Г. Коларовски, Камерен оркестар на МОБ, Фестивал „Класична бина" (види табела НИ, точка 6);
- 2010 година, Брисел, Белгија: Солистички рецитал на манифестација „Галилео", Шарлемањ центар (види табела НИ, точка 6);
- 2010 година, Виена, Австрија: Солистички рецитал во Галерија „Тајм" (види табела НИ, точка 6);
- 2009 година, Скопје: Солист со Македонската филхармонија во изведба на концертот за пијано и оркестар од В. Николовски, Дом на АРМ (види табела НИ, точка 6);
- 2009 година, Виена, Австрија: Прв клавирски концерт „Галилео", Свечена сала на Австриската академија на науките (види табела НИ, точка 6);
- 2009 година, Виена, Австрија: Инаугурациски концерт на Мисиркова, Свечена сала на Австриската академија на науките (види табела НИ, точка 6);
- 2008 година, Виена, Австрија: Новогодишен концерт во Сала на фреските, замок „Лаудон"(види табела НИ, точка 6);
- 2008 година, Виена, Австрија: Праизведба на „Филопатридус" за пијано соло од Иван Флорајнц, Словенски култирен центар во Виена (види табела НИ, точка 7);
- 2007 година, Виена, Австрија: Божиќен концерт во Словенскиот културен центар во Австрија (види табела НИ, точка 7);
- 2005 година, Скопје: Гала концерт како солист во концерт за соло пијано и оркестар бр. 5, МОБ (види табела НИ, точка 6).

Мисиркова одлично говори германски, англиски, руски, српски, хрватски и словенечки јазик.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатката треба да имаат завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост.

***Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за избор во звање вонреден професор според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:***

1. диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика;
2. изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство);
3. има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

**М-р Елена Мисиркова**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Елена Мисиркова** | Целовечерен концерт | Концерт на Франкофонија со дела од Сати, Пирхнер и Николовски | Март 2016 год. |
| 2 | **Елена Мисиркова** | Целовечерен концерт | Концерт на фестивалот Охридско лето | Јули 2014 год |
| 3 | **Елена Мисиркова** | Целовечерен концерт | Концерт по повод јубилеј на Здружение МАКЕДОН во МНТ | Октомври 2014 год. |
| 4 | **Елена Мисиркова** | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт со гудачкиот оркестар на Словенечката филхармонија*, Виена* | Мај 2011 год. |
| 5 | **Елена Мисиркова** | Целовечерен концерт | Клавирски концерт „Галилео“ Кралска резиденција, Минхен | Октомври 2011 год. |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната наведена документација и активностите на кандидатката, Рецензентската комисија донесе заклучок дека кандидатката м-р Елена Мисиркова во потполност ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така, кандидатката преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности, преку активно концертирање, како и голем успех во педагошката дејност.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и да ја избере кандидатката м-р Елена Мисиркова во звање доцент за наставно-научната област пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милица Шкариќ – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Потевска – член, с.р.**
**Проф. м-р Ангеле Михајловски – член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛЕНА МИСИРКОВА**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Избор во звање асистент | 15 |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Музички настап на официјален целовечерен концерт | 3x8 | 6x7 |
| 7 | Музички настап на официјален концерт | 2 | 4x2 |
| 8 | Музички настап на официјален концерт | 2x1 | 3x2 |
| 11 | Одбранет магистерски труд (постдипломски студии во Москва, Русија) | | 4 |
| 19 | Член на организационен одбор на фестивал (Денови на македонска култура во Австрија во 2001, 2010 и 2014 год. Изложба на австрискиот југендстил-мозаичар и автор Леополд Форстнер во Охрид и во Скопје) | 1x1=1 | 3x2=6 |
| 21 | Награди - признанија за уметнички постигнувања, сценско-музички награди (награда за исклучителни уметници на Фондацијата „Хуго Брајтнер“, две први награди на републичките натпревари на пијанисти во Скопје и трета награда на Сојузниот натпревар во Белград, Југославија) | 3x5 = 15 | 1x10=10 |
| 22 | Студиски престој во странство (студии во Москва, Русија и специјализација во Виена, Австрија) | 8 (еднократно) | |
| | | Вкупно 128 бода | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 5 | Труд во стручно списание (објавен труд во списание Музика) | 2x1=2 | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 3 |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир (три предавања на Струшка музика есен во 1997,1998 и 1999 година) | 2x3=6 | |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 0,5 | 1 |
| 9 | Уредник на стручно списание | 3 | 5 |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 0,5 | 2 |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | 1 | 2 |
| 12 | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | 2 | 3 |
| 19 | Стручни награди и признанија (почесна титула амбасадор на култура на РМ во Австрија) | | 1x8=8 |
| | Вкупно 41 бод | | |

**Вкупно поени од : (НО)15+(НИ)128+(САОР)41=184 поени**